# ПРИКАЗИ И КРИТИКИ

## **Историја на македонскиот народ,** кн. 1—3, Скопје, Институт за национална историја; НИП — Нова Македонија, 1969 год., 346, 453, 448

ПОЈАВАТА на тритомната „Историја на македонскиот народ“ коинцидира со дваесетгодишниот јубилеј на Институтот за национална историја, и со дведеценскиот развоен пат на Скопскиот универзитет „Кирил и Методиј“.

Доаѓајќи во времето на полната афирмација на македонската научна мисла среде светските научни кругови, „Историјата на македонскиот народ“, покрај тритомниот „Речник на македонскиот јазик“, публикуван во периодот од 1961—1966 год., претставува светол показ на самобитноста на македонскиот народ. Во тоа се гледа нејзиното капитално значење.

Под редакција на акад. Михаило АПОСТОЛСКИ (претседател), д-р Данчо ЗОГРАФСКИ, д-р Иван КАТАРЏИЕВ, акад. Блаже КОНЕСКИ, Љубен ЛАПЕ, акад. Димитар МИТРЕВ и др Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ — создадено е волуминозно дело во кое се оцртани суштинските страници на македонското минато.

Секретари на Редакцијата се: д-р Глигор ТОДОРОВСКИ и д-р Александар СТОЈАНОВСКИ.
„Историјата на македонскиот народ“ е колективен труд на четириесетина истакнати научни работници од областа на историјата, економиката, културата и уметноста. Таа е дело на академици, универзитетски професори, доктори на науки и други научни и стручни соработници.

„Историјата на македонскиот народ“ е плод на повеќегодишните творечки напори на научните работници од ИНИ — Скопје, Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет, како и на други надворешни научни креативни сили.

Идејата за пишување историја на македонскиот народ има длабоки корења во минатото. Во врска со тоа, во Предговорот кон „Историјата на македонскиот народ“, меѓу другото , се вели: „Уште во времето на националната преродба Ѓорѓи Пулевски се зафатил со пишување на „Славјано-македонска општа историја“. Национално-романтичарските и идеализаторски обележја надвладуваат во оваа прва рудиментарна проекција на македонското минато“. (стр. 5)

Покрај првите пионерски зафати на Пулевски, значајни се и националните преокупации на Крсте Мисирков, како и историските огледи во в. „Македонскиј голос“, редактиран од Д. Чуповски.

И во периодот меѓу двете светски војни одделни македонски историографи и публицисти станале во одбрана на македонската кауза, стремејќи се, во одделни свои трудови, да ја докажат македонската национална посебност. Но сите тие обиди не довеле до реализирање на комплексен преглед на македонската историја, пред сѐ поради ригорозните режимски ограничувања во распарчената Македонија.

„Тоа беше единствено можно дури во условите на македонската државност создадена по Втората светска војна. Само при еден слободен и, во секој однос, неспречуван развој на научната мисла можеше целосно да се изрече вистината за историското времетраење на македонскиот народ.

Со формирањето на Катедрата по историја при Филозофскиот факултет во Скопје во 1946 година, потоа — со основањето на Институт за национална историја во 1948 година, а подоцна и Архивот на Македонија, се постави почетокот на систематски и разнострани проучувања на сите периоди од историскиот развиток на македонскиот народ. И првенствено од членовите на овие високи научни институции — за релативно краток временски период — се појавија многубројни студии за низа нерасветлени прашања од нашата историја и неколку општи историографски прегледи". (6) Така, во овој период и проф. Љубен Лапе го публикува својот „Краток преглед на македонската историја".

„Посебна е заслугата на студиите и научните расправи што со силата на аргументот извршија целосно демистифицирање на продолжителните разновидни фалсификации на македонската национална судбина.

И дури по објавувањето на низа поопфатни монографски трудови за сите посуштествени појави на нашата историска егзистенција, како и на значајни архивски проучувања во земјата и во странство, можеше да се пристапи кон реализирање на идејата за пишување на Историјата на македонскиот народ. И сега, кога таа идеја е веќе реализирана, уште порелјефно израснува чинот на сè она што претставува крупен и разностран фонд на нашата историографска наука во годините на слободниот живот." (6—7).

Ќе напомнеме дека во минатото многубројни странски научници пројавувале посебно интересирање за историјата на Македонија. Меѓу другото, интересна е намерата на чешкиот корифеј Константин Иречек да напише историја на Македонија. Интересирањето за историјата на македонскиот народ е присутно и во современата светска историографија. Посебно треба да се одбележи крупниот потфат на професорот на Казанскиот универзитет, советскиот научник Аркадиј Шофман, кој во 1960—61 год. објави двотомна историја на македонскиот народ.

Денес, по публикувањето на „Историјата на македонскиот народ", дело, главно, на македонските научни кадри, на објективната светска научна јавност уште еднаш ѝ се дадени аподиктични докази за македонската самобитност, презентирано ѝ е минатото на еден мал народ што опстојал на историските ветрометини низ вековите и кој гради своја иднина, без оглед на игнорирањата на неговата национална посебност и присвојувањата и фалсификувањата на неговата историја. Со ова дело на светската јавност ѝ е овозможен широк пристап за објективен третман на македонското минато.

„Историјата на македонскиот народ" претставува прв комплексен преглед на македонската политичка, стопанска и културна историја. Тоа ѝ придава обележје на пионерски потфат во расветлувањето на клучните моменти од македонското минато.

Ова дело, поради својата легибилност, е достапно за широк круг читатели. Гледано од тој аспект, тоа овозможува продирање на вистината за македонското минато во сите средини.

„Историјата на македонскиот народ" е мошне луксузно опремена и богато илустрирана. Застапени се црно-бели и колор фотографии.

Посебно треба да се истакне мошне ефектниот нацрт на корицата на академскиот сликар Димитар Кондовски.

Кон „Историјата на македонскиот народ" се приложени две карти на Македонија. Првата е географска карта на Македонија во нејзините природни географско-етнички граници, додека на втората карта се шематски прикажани операциите за ослободување на Македонија во октомври-ноември 1944 год.

„Историјата на македонскиот народ“ ја сочинуваат 13 делови — содржани во три книги.

На близу 1 300 страници е презентирано минатото на Македонија, од најстари времина до 1945 год.

Главниот акцент во „Историјата на македонскиот народ“ е ставен на XIX и XX век, не само затоа што е тоа период на формирање и афирмирање на македонската нација, не само затоа што тој период од македонската историја е најмногу замаглуван, фалсификуван и присвојуван од буржоаските, и не само буржоаските историчари на соседните народи, туку и затоа што тој период е најмногу расветлен, што за тој период постои богата архивска документација, која, поради недостапноста на некои соседни архиви, само делумно е искористена и обликувана во многубројни монографски прегледи и студии.

Во „Историјата на македонскиот народ“ е даден хронолошки преглед на настаните. На крајот — за секој дел е даден библиографски преглед на консултираната изворна документација и литература.

По Предговорот на Редакцијата, даден е краток осврт на природно-географските одлики на Македонија.

Првата книга го опфаќа периодот од предисториското време до крајот на XVIII век. Одговорен редактор на првата книга е д-р Александар СТОЈАНОВСКИ.

Првата книга содржи четири дела. Во првиот дел (17—55) се говори за Македонија во времето на првобитното општество и робовладетелскиот период. Во три глави се говори за првобитното општество, за создавањето и развитокот на древната македонска држава, како и за Македонија под римско владеење.

Во второт дел (59—141) станува збор за Македонија во времето на раниот феудализам. Овој дел содржи пет поглавја. Во нив се разгледува населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров, потоа населувањето на Словените во Македонија и создавањето на македонските склавинии, како и ширењето на христијанството и книжевноста кај Македонските Словени. Во посебни глави се говори за богомилското движење во Македонија и Самоиловото царство.

Третиот дел (145—226) ја опфаќа историјата на Македонија за време на развиениот феудализам. Овој дел содржи осум глави. Во овој дел се говори за византиската власт во Македонија; за борбата против византиската власт; за навлегување на Нормани, Срби и крстоносци во Македонија; за самостојните феудални владетели на Просек; за српската власт во Македонија; за осамостојувањето на Македонија и нејзиното паѓање под турска власт; за стопанството и општествената структура во Македонија во XIII и XIV век, како и за културните прилики во Македонија до крајот на XIV век.

Во четвртиот дел (229—324) се зборува за турската власт во Македонија од XV—XVIII век. И овој дел содржи осум глави. Се разгледува историјата на Македонија во времето на развојот на Османската Империја; Македонија, во времето на слабеењето на Османската Империја; се говори за борбата против феудалната експлоатација и турската власт во Македонија; за Карпошовото востание; за феудалната анархија во Македонија; за културните прилики од XV до XVIII век; за исламската култура во Македонија, како и за културно-творечките projави на албанската народност во Македонија.

Втората книга од „Историјата на македонскиот народ“ го опфаќа периодот од почетокот на XIX век до крајот на Првата светска војна. Оваа книга содржи шест дела. Редактори на II книга се: д-р Данчо ЗОГРАФСКИ и проф. Љубен ЛАПЕ.

Петтиот дел (7—75), кој го опфаќа периодот на распаѓањето на феудализмот и зачетоците на капитализмот во Македонија, содржи седум глави. Во нив се говори за Македонија во првата половина на XIX век; за учеството на Македонците во востанијата на Балканот; за новите реформи во Турција и нивната примена во Македонија; за почетоците на преродбата; за засиленото проникнување на европскиот капитал во Турција по Кримската војна и промените во Македонија; за црков-

ните борби против Цариградската патријаршија, како и за борбите за народна просвета и култура.

Во шестиот дел (79—143) се разгледани националните појави и ослободителни борби во втората половина на XIX век. Овој дел содржи пет глави во кои станува збор за буните и востанијата; за Кресненското востание и за другите движења во Македонија; за влошувањето на положбата на македонскиот народ и масовното одење на печалба; за странските пропаганди и реперкусиите од нивното дејствување, како и за просветата, културата и уметноста.

Седмиот дел (147—293) го опфаќа периодот на појавата и развојот на македонското национално-револуционерно движење. Овој дел содржи шест глави. Во нив се говори за општите предуслови; за создавањето на Македонската револуционерна организација; за револуционерните струи надвор од Организацијата, за политиката на балканските држави спрема Македонија и ТМОРО; за Илинденското востание, како и за положбата по Илинденското востание.

Осмиот дел (297—352) ја опфаќа историјата на македонскиот народ од Младотурската револуција до балканските војни. Во четири глави се говори за подготовките и текот на Младотурската револуција; за Народната федеративна партија и за другите политички струења во условите на младотурскиот режим; за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија по Младотурската револуција и за културно-просветниот живот во Македонија во периодот од 1908—1912 год.

Во деветтиот дел (355—381) во две глави се разгледани двете балкански војни и поделбата на Македонија.

Во десеттиот дел (385—437) е обработена историјата на Македонија во периодот на Првата светска војна. Овој дел содржи шест глави, во кои се зборува за Македонија во првите години на војната; Солунскиот фронт; положбата на Македонија под власта на освојувачите; за односот на македонската емиграција спрема војната; за обединувањето на југословенските народи и македонскиот национален проблем, како и за македонското прашање на Мировната конференција во Париз.

Во третата книга од „Историјата на македонскиот народ“ се разгледува периодот меѓу двете светски војни и Народната революција (1918—1945 год.). Таа ги содржи преостанатите четири дела. Редактори на III кн. се акад. Михаило АПОСТОЛСКИ и д-р Данчо ЗОГРАФСКИ.

Во единаесеттиот дел (7—166), кој содржи девет глави, се говори за Македонија меѓу двете светски војни. Се разгледува положбата на Македонија во Кралството СХС до Видовденскиот устав; стопанскиот и политичко-просветниот живот во Вардарска Македонија од Видовденскиот устав до Шестојануарската диктатура; Вардарска Македонија од воведувањето на монархо-фашистичката диктатура до Априлската војна, 1941 год. Поопширно се говори за првите години на монархофашистичката диктатура во Вардарска Македонија; за политичкиот живот и изборните борби во Вардарска Македонија во 1933—35 год.; за превирањата и борбите во Вардарска Македонија во периодот од 1936—38 год., како и за Вардарска Македонија во времето на избувнувањето на Втората светска војна. Се разгледува и априлската војна и поделбата на Македонија во 1941 год., како и печатот, културата и уметноста во Вардарска Македонија во периодот од 1918—1941 год.

Во дванаесеттиот дел (169—244) се зборува за Пиринска Македонија, во периодот од 1918 до 1941 год. Во трите глави се разгледува положбата и борбата на Македонците во Бугарија до крајот на 1924 год.; движењето на Македонците и „Автономистичката“ ВМРО до Мајскиот преврат во 1934 год., како и ВМРО (обединета) и национално-политичките појави на Македонците во Бугарија.

Во тринаесеттиот дел (247—275) се разгледува историјатот на Егејска Македонија во периодот од 1919 до 1941 год. Во двете поглавја се говори за измените на етничкиот состав на населението во Егејска Ма-

кедонија и за положбата на Македонците во Грција до фашистичката окупација.

И, најпосле, во четиринаесеттиот, последен и најобемен дел (279—476) на близу двесте страници — е разгледана Народноослободителната војна и Револуција во Македонија. Во осумте глави се разгледани: Окупацијата на Македонија; почетокот на востанието; развојот на востанието во 1942 год.; разгорот на востанието; општонародното востание; ослободувањето на Македонија; ослободувањето на Југославија, како и просветата, културата и уметноста во НОВ.

На крајот, ќе нагласиме дека „Историјата на македонскиот народ“, вака компонирана, претставува врвен дострел на современата македонска историографија.

*Д.Д.*

## **Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија,** Том I, кн. 1 и 2 — Скопје, Институт за национална историја 1968

Во чест на 25-годишнината од формирањето на Комунистичката партија на Македонија, во текот на 1968 година, во издание на ИНИ — Скопје, издадени се две книги од предвидената за издавање серија документи од периодот на НОБ во Македонија.

Издавањето на овие книги-документи произлезе од потребата да се издаде една покомплетна документација од периодот на НОБ во Македонија која ќе ги задоволи нараснатите потреби за проучување на овој значаен дел од историјата на македонскиот народ.

Како што е истакнато во уводот на првата книга, со издавањето на оваа серија документи се продолжува со една убава, но веќе од пред повеќе години напуштена практика за издавање документи од овој вид со чиешто систематско издавање се прекина некаде кон крајот на 1954 година.

Предвидената за издавање серија документи, чијшто почеток се овие две книги, треба да ја сочинуваат следниве зборници: том I, документи од Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија, вклучително со документите на Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ); том II, документи од воените формации и органи; том III, документи од органите на народната власт; том IV, документи од масовните политички организации; том V, печатот на органите и организациите на ослободителното движење; том VI, документи од движењето на отпорот на соседните балкански земји и соодветните комунистички партии за меѓународна соработка; том VII, документи од окупаторите и нивните органи и организации.

„Вака замисленото публикување — се вели во уводот на првата книга, сметаме ќе помогне во натамошното проучување на Народноослободителната војна и Револуцијата што го водеше македонскиот народ во заедница со другите народи на Југославија, под раководството на КП на Југослаславија.“

Документите од КП на Југославија и КП на Македонија што се поместени во издадените две книги на том I (61 документ во кн. 1 и 84 во кн. 2) го опфаќаат периодот од мај 1941 до ноември 1943 год.

Со оглед на тоа дека документите потекнуваат од тешките услови на Втората светска војна, во условите на строга илегалност и сурови прогони, многу од нив се оштетени: без датум и автор, без означување од кого и до кого се испраќани, со полно скратувања, шифри, недоречености и сл. Има одделни документи каде што составувачите на Зборникот само на неколку страници текст, со цел тој да стане читлив, правеле интервенции на десетици па и стотици места.

Таквата состојба на односните документи, при обработката, бараше